# Поднесени 402 барања по осмиот јавен повик за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ја известува јавноста дека со објавување на осмиот јавен повик за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата до Агенцијата беа доставени 402 барања и тоа:
-за мерката 101, Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија, 335 барања,
-за мерката 103, Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ, 14 барања и
-за мерката 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности 53 барања.

Вкупната вредност на инвестициите за кои се поднесени барања изнесува околу 19 милиони евра, а вкупната сума за кофинансирање околу 10 милиони евра.

Најмногу проекти пристигнаа за мерката 101, за набавка на трактори вкупно 188 барања со вкупна вредност на инвестиции над 3 милиони евра.

Со цел да се излезе во пресрет на барањата од потенцијалните корисници за подготовка на квалитетни апликации, како и да се овозможи ефикасно искористување на средства од Програмата ИПАРД 2007-2013, наместо до 22 август, јавниот повик беше пролонгиран до 30 септември 2013 година.

Ова е прв јавен повик објавен после модификациите на ИПАРД програмата кои значително го зголемија интересот на македонските компании за нејзино користење.